ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 27 – 204/13

Дата: 03.10.2013

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за здравство на Република Македонија, сметка на буџет на донација Одржување ниска преваленца на ХИВ во РМ (во понатамошниот текст- Министерството) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на министерството за 2009 година и изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и мислење без резерва во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

*Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор*
*1.*____________________
*2.*____________________ | ______________________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 5 и 6) заедно со ревизија на усогласеност на Министерството/ сметка на буџет на донации (785)/Одржување ниска преваленца на ХИВ во РМ за 2012 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, и Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, како и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на министерството за 2009 година и изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Никола Тодоров, министер за здравство во 2012 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на министерство се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2013 до 20.06.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за здравство- Одржување ниска преваленца на ХИВ во РМ на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за здравство - Одржување ниска преваленца на ХИВ во РМ се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 20.09.2013 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
**Сметка за донации -Одржување на ниска преваленца на ХИВ во РМ**
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 Ден.

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 913 | 105 |
| Трансфери и донации | 199,310 | 77,483 |
| **Вкупно приходи** | **200,223** | **77,588** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и други услуги | 118,464 | 50,927 |
| **Вкупно тековни расходи** | **118,464** | **50,927** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 533 | 1,403 |
| **Вкупно капитални расходи** | **533** | **1,403** |
| **Вкупно расходи** | **118,997** | **52,330** |
| **Вишок на приходи над расходи** | **81,226** | **25,258** |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
Сметка за донации -Одржување на ниска преваленца на ХИВ во РМ
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 81,225 | 25,259 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 106 | 20 |
| Активни временски разграничувања | 975 | 2,529 |
| **Вкупно тековни средства** | **82,358** | **27,865** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 856 | 884 |
| Материјални средства | 12,281 | 14,395 |
| **Вкупно постојани средства** | **13,137** | **15,279** |
| **Вкупна актива** | **95,495** | **43,144** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 975 | 2,530 |
| Пасивни временски разграничувања | 81,363 | 25,299 |
| **Вкупно тековни обврски** | **82,358** | **27,864** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 13,137 | 15,280 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **13,137** | **15,280** |
| **Вкупна пасива** | **95,495** | **43,144** |